Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина („Сл.весник на РМ “ бр.53/05,81/05,24/07,159/08,48/10,124/10,51/11,123/12,93/13,42/14,44/15,129/15, 39/16 99/18 и 89/22),Општина Охрид, на ден 27.03.2023г. донесе

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички план за село Лескоец, Општина Охрид, кој го донесува Општина Охрид е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина .
2. Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ Урбанистички план за село Лескоец, Општина Охрид, се определуваат следните: Министерство за животната средина и просторно планирање и Општина Охрид
3. За планскиот документ Урбанистички план за село Лескоец, Општина Охрид, кој плански документ го донесува Советот на Општина Охрид, донесувањето на овој плански документ ќе има влијание врз животната средина
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти:Влијанието на развојните решенија во поглед на осетливите елементи на животната средина на планираниот опфат(вода, почва, управување со отпад, природното и културно/археолошко наследство и пејсаж).
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Охрид на следната веб адреса:www.ohrid.gov.mk
6. Против ова одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната .

Бр. Име и презиме

. Градоначалник

Место Кирил Пецаков

Охрид

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | Урбанистички план за село  Лескоец, Општина Охрид |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Охрид |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Охрид |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Кирил Илоски |
| Назив на работното место | По овластување од Градоначалник |
| Контакт податоци за лицето | Тел. 046/262-492; |

**Основни податоци за планскиот документ**

**Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)**

Согласно член 44 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/20), Урбанистички план за село се изработува врз основа на Планска програма со која се утврдува прелиминарна граница на планскиот опфат и се опишува подрачјето на планскиот опфат, специфичните потреби и можности за просторен развој на подрачјето во рамки на опфатот, како и општите и посебните цели на планирањето и програмските содржини што треба да бидат предмет на планирањето.

Согласно на член 21 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.225/20, 219/21 и 104/22), Планската програма се изработува врз основа на:

-  анализата на степенот и начинот на реализација на важечкиот урбанистички план,
-  анализата на потребите и можностите за просторен развој,
-  заклучоци и плански одредби за просторниот развој за предметниот плански опфат што произлегуваат од планови и од стратегии за развој што се донесени на повисоко ниво на планирање,
-  програмски цели и насоки за обемот и природата на потребниот просторен развој.

Планската програма на урбанистичките планови се состои од текстуален и графички дел.

Целта на оваа Предлог планска програма е изработка на следната планска документација:

**Урбанистички план за село Лескоец, Општина Охрид.**

Основа за изработка на Предлог планската програма за УПС Лескоец, Општина Охрид е следното:

- Склучен Договор за изработка на урбанистички планови за села помеѓу Општина Охрид како набавувач (заверен од набавувачот со бр.09-7000/1 од 11.08.2020год.) и Иванов инженеринг како носител на набавката (заверен од носителот на набавката со бр.0307-29/2020 од 12.08.2020год.);
- Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Простониот план на РМ (техн.бр. Y12321 од септември 2021) со Решение издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање (бр.УП1-15 1393/2021 од 27.09.2021год.);
- Измени и дополнувања на развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Охрид 2020 - 2022;
- Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога
- Планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион со Акциски план (2020 - 2029) (Сл.весник на РСМ бр.45/20).

Предметниот планскиот опфат се наоѓа во границите на Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион чијашто заштита и управување е уредено со Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план 2020 - 2029. Планот за управување е централен плански инструмент за заштита, користење, конзервација и одржлив развој на доброто, но и заштита на неговата автентичност и интегритет и пренесување на идните генерации.

**Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?**

Да☐
Не☐

**Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?**

/

**Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.**

/

**Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да ☒<br>Не ☐ | Член: 3 | Точка:13 | Алинеја: / |

**Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор**

/

| |
|---|
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| Не |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Општи цели за изработка на Урбанистички план за село Лескоец, Општина Охрид се:<br>1. рамномерен просторен развој;<br>2. рационално уредување и користење на просторот;<br>3. создавање и унапредување на условите за хумано живеење и работа на граѓаните;<br>4. надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет;<br>5. одржлив просторен развој;<br>6. сочувување на квалитетот и унапредување на животната средина и природата;<br>7. справување со климатските промени;<br>8. сочувување и заштита на недвижното културно наследство и<br>9. безбедност од природни и технолошки катастрофи и хаварии.<br>Целите на урбанистичкото планирање се остваруваат со применувањето на начелата на урбанистичкото планирање и уредувањето на просторот во процесот на изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови и тоа:<br>1. интегрален пристап во планирањето;<br>2. грижа и развој на регионалните особености;<br>3.остварување на јавниот интерес и заштита на приватниотинтерес;<br>4.јавност во постапката за изработување, донесување и спроведување на плановите;<br>5.инклузивност и партиципативност во постапката за изработување, донесување и спроведување на плановите;<br>6.хоризонтална и вертикална усогласеност и координација во планирањето и<br>7. уважување на научно и стручно утврдените факти и стандарди.<br>Цел на изработка на **Урбанистички план за село Лескоец, Општина Охрид** е поставување на урбанистички концепт и давање насоки за идниот развој на селото, заради создавање услови за планирање на организирани простори и изградба на објекти, согласно важечката законска и подзаконска регулатива, како и вклопување на објектите со утврден статус согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| / |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| . / |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Границата на плански опфат за село Лескоец претставува затворена линија со прекршни точки. Од најсеверната точка, границата на плански опфат се движи во југоисточен правец по граници на КП 2498, КП 1141/6, КП 1141/5, КП 1142/2, КР 1142/3, КП 2499/1, КП 1138, ја сече КП 1138, се совпаѓа со граница на КП 90, КП 91/1, КП 95, КП 96, КП 1171, КП 1172/1, КП 1173/6, ја сече КП 98, се совпаѓа со граници на КП 99, КП 1181, КП 1182, КП 1184 КП 1248/1, КП 106/2, ги сече КП 106/2 и КП 1128/1, продолжува по граници на КП 1263/1, КП 1519, КП 1520, КП 1521, КП 1522, КП 1654, КП 1655, КП 1656/1, КП 1656/2, 1657, КП 1663, КП 1669/2, КП 1672/2, КП 1672/1, КП 1673, КП 1680, КП 1681, КП 1687, КП 1688/2, КП 1689, КП 1691, КП 1690, КП 1763, КП 1758, КП 1757, КП 1755, КП 1756, КП 1754/1, КП 1753, КП 1751, КП 1752, КП 1750, КП 1858, КП 1783/3, КП 1783/4, ги сече КП 1783/4, КП 1783/3 и КП 1783/1, продолжува по граници на КП 1784, КП 1785, КП 1787, КП 1788/2, КП 1788/3, КП 1788/1, КП 1791/1, КП 1774, КП 1772/1, КП 1770/1, КП 1630, ја сече 1771, продолжува по граници на КП 1771, КП 1768, КП1769/1, КП 1767, КП 1630, ја сече КП 1630, продолжува по граница на КП 1629, КП 1628, КП 1624, КП 1623, КП 1622, КП 1634, КП 1636, КП 1638, КП 1639/2, КП 1639/1, КП 2501/2, КП 1535, КП 1534, КП 1532, ја сече КП 1540, продолжува по граница на КП 1540, ја сече КП 1547, прод/олжува по граница на КП 1547, КП 1545, КП 1552, ја сече КП 1554/1, продолжува по КП 1558/2, КП 1558/1, КП 1558/2, КП 1557, КП 1560/3, КП 1560/1, КП 1556/2, ја сече КП 1556/2, продолжува по граници на КП 1556/2, КП 1555/3, КП 1512, КП 1513, КП 1515, КП 1516, КП 1498, КП 1499, КП 1485, |

КП 1487, КП 1491/4, КП 1491/2, КП 1488, КП 1390/2, КП 1390/1, КП 1392, КП 1393, КП 1396, ги сече КП 1384, КП 1379, се совпаѓа со граници на КП 1383, КП 1382, КП 1381, КП 1380, КП 1371, КП 1368/1, КП 1366, КП 1266, КП 1264, КП 1267, КП 1268, КП 1269, КП 1270, КП 1271, КП 1272, КП 1274, КП 1275, КП 1276, КП 1277, КП 1278, КП 1279, КП 1280, КП 1281/1, 1281/3, КП 1282, КП 1281/3, КП 1281/2, КП 2500/1, КП 1129/1, ги сече КП 150/2, КП 150/1, се совпаѓа со граници на КП 150/3, КП 151/2, КП 1129/1, ја сече КП 1129/1, продолжува по граница на КП 188 и стигнува до најисточната граница на планскиот опфат.
Од најисточната точка границата продолжува по граници на КП 188, КП 185, ја сече КП 1130, продолжува по граници на КП 1330, КП 198, КП 196, КП 191/1, КП 192/1, КП 1283, КП 1288/2, КП 1288/1, КП 1289/1, КП 1289/2, КП 1290/2, КП 1291, ја сече КП 333/1, продолжува по граници на КП 1304, КП 1305/2, КП 1305/1, КП 1306, КП 1309, КП 1313/1, ја сече КП 1313/1, се совпаѓа со граници на КП 1314/4, КП 1314/1, КП 1314/2, КП 1316, КП 1318, КП 1319/1, 1322, КП 1323/1, КП 1323/2, ги сече КП 1324 и КП 348, продолжува по граници на КП 1333, КП 1334/2, ја сече КП 1334/2, се совпаѓа со граница на КП 1348/1, ја сече КП 1347, продолжува по граници на КП 1347, КП 1346, КП 1355, КП 1356, КП 1357, КП 1349, КП 1353, КП 1352/1, КП 1352/2, КП 1408, КП 1406/2, ја сече КП 333/1, се совпаѓа со граници на КП 1409, КП 1411, КП 1416/2, КП 1417, КП 1418, ја сече КП 1427/1, продолжува по граници на КП 1420, КП 1424, КП 1427/1, ја сече КП 1427/1, се совпаѓа со граници на КП 1428, КП 1444/4, КП 1444/1, КП 1444/5, КП 1447/3, КП 1448/3, КП 1449/1, КП 363/8, КП 363/3, ги сече КП 363/7 и КП 363/1, се совпаѓа со границана КП 363/1, ја сече КП 363/1, се совпаѓа со граница на КП 363/1, ја сече КП 363/1, продолжува по граници на КП 363/3, КП 2502/2, КП 1980/1, КП 1981/1, КП 1981/2, КП 1982/1, ја сече КП 380/3, се совпаѓа со граници на КП 1984/2, КП 1986/2, КП 1987/3, КП 1989/2, КП 1992/1, КП 2504, КП 2000/1, КП 2121/3, КП 2137/2, КП 2137/1, КП 2368/2, КП 2368/1, КП 2370, КП 2372, ја сече КП 2372, продолжува по граници на КП 2373/8, КП 2375/1, КП 2376, КП 2385, КП 2386, КП 2387, КП 2390, КП 2398/1, КП 2398/2, КП 2401/2, КП 2402/2, КП 2404/2, 2404/1, КП 2403/2, КП 2405, КП 2406, ја сече КП 795/3, продолжува по граници на КП 2409, КП 795/2, ја сече КП 1132/2, продолжува по граници на КП 1137/1, КП 1008/2, КП 1008/1, КП 1007, ја сече КП 1137/1, се совпаѓа со граница на КП 801, КП 802/3, КП 803/2, КП 803/1, ја сече КП 804, продолжува по граници на КП 800/2, КП 2506/1, КП 808/3, КП 2413, КП 2414, КП 816, КП 817/1, КП 817/3, КП 812/2, КП 812/1, КП 812/3, КП 812/5, КП 811/2, КП 813/1, ја сече КП 1136, се совпаѓа со граница на КП 840/2, ја сече КП 843/1, продолжува по граници на КП 840/3, КП 2439/6, КП 2439/1, КП 2442, КП 2444, КП 2450, КП 2452, КП 2463/1, КП 2468, КП 2484, КП 854, КП 855, КП 856/1 и стигнува до најјужната точка на опфатот.
Од најјужната точка, границата на плански опфат продолжува по граници на КП 856/1, КП 2491/1, ги сече КП 2509/1 и КП 6491/1 од КО Охрид 4, продолжува по граници на катастарски парцели од КО Охрид 4. Се совпаѓа со граници на КП 245, КП 246/1, КП 246/3, КП 246/4, КП 246/2, КП 246/7, КП 246/5, КП 242/5, КП 649/1, КП 235, КП 232, КП 230/1, КП 226, КП 227, КП 228/1, КП 229/4, КП 215, КП 214, КП 210/2, КП 210/1, КП 209/2, КП 209/1, КП 209/2, КП 210/1, КП 211, КП 175, ја сече КП 175, продолжува по граници на КП 175, КП 166, КП 165, КП 167, КП 155/1, КП 153, КП 151, КП 144, КП 141, КП 138/2, КП 137/1, КП 135/3, КП 135/1, КП 134, КП 128, КП 127, КП 125, КП 122, КП 121, КП 120, КП 119, КП 118, КП 117, КП 116, КП 108, КП 107, КП 103, ја сече КП 6421/1, продолжува по граници на КП 6421/1, КП 6489 и стугнува до најзападната точка од опфатот.
Границата на планскиот опфат од својата најзападна точка продолжува сечејќи ги КП 6489 од КО Охрид 4 и КП 1140 од КО Лескоец. Потоа продолжува да се движи по катастарски парцели од КО Лескоец. Се совпаѓа со граници на КП 575, КП 1134/1, ја сече КП 1134/1, продолжува по граници на КП 703, КП 704/4, ги сече КП 704/4 и КП 704/3, се совпаѓа со граница на КП 704/1, КП 704/5, КП 707, КП 708, КП 710/5, КП 710/6, КП 710/1, КП 711/1, КП 711/2, КП 711/3, КП 2210, КП 2212, КП 2214, КП 2216, КП 2208, КП 2207, КП 728, КП 731, КП 732, КП 2218/2, КП 2218/1, КП 2220/1, КП 2221, КП 2228, КП 2229, КП 2233, КП 2239, КП 2241/2, КП 2249/2, КП 2251/2, КП 2251/1, КП 2250, КП 2252, КП 2254, КП 2255/2, КП 2255/1, КП 2256, КП 2257, КП 2204, КП 2203, КП 2079, КП 2078, КП 2077, КП 2075, минува низ КП 2074/3, се совпаѓа со КП 2071, КП 2073, КП 2070, КП 2069, КП 2065, КП 753/1, ја сече КП 753/1, продолжува по граници на КП 753/1, КП 2061, КП 2048/2, КП 2049/2, КП 1902/2, КП 1902/1, КП 1901, КП 1899, ги сече КП 1898, КП 1897, КП 685, КП 682/2, се совпаѓа со граници на КП 682/2, КП 682/1, ги сече КП 1134/2, КП 1134/1, продолжува по граници на КП 652, КП 653, КП 654, ги сече КП 1134/1 и КП 1134/4, се совпаѓа со граници на КП 1134/4, КП 2505/3, КП 1728/1, КП 1728/2, КП 1727, КП 1725, КП 1726, КП 1724, КП 1723, КП 1734, КП 1733, КП 1737/3, КП 1737/4, КП 1741, ја сече КП 673, се совпаѓа со граници на КП 1743, КП 1744/1, КП 1746, КП 672/1, минува низ КП 672/1, се совпаѓа со граници на КП 1722, КП 1721, КП 1720, КП 1719, КП 1718, КП 1716, КП 1711, КП 1708, КП 1707, КП 385, КП 384, КП 383, КП 382/2, КП 1134/1, ја сече КП 1134/1, продолжува по граници на КП410/2, КП 410/3, ги сече КП 410/1, КП 409/2, КП 409/1, КП 408/2, се совпаѓа со граници на КП 408/2, КП 1134/1, КП 399/2, КП 399/3, ги сече КП 1139/2 и КП 1134/1, продолжува по граници на КП

| |
|---|
| 1134/1, КП 75/2, КП 77, КП 79, КП 78, КП 1224/1, КП 83, КП 1224/1, ја сече КП 87, продолжува по граници на КП 1224/1, КП 1224/2, КП 1224/1, КП 1223/2, КП 1223/1, КП 1222, КП 1221/1, КП 1221/2, КП 1220, КП 1219, КП 1218/2, КП 1217, КП 1216/2, КП 1215/2, КП 1215/1, ги сече КП 56/2, КП 56/3, КП 57/3, се совпаѓа со граници на КП 55/1, КП 54/6, КП 54/4, КП 54/5, КП 54/1, КП 55/2, КП 54/3, КП 1209/1, КП 1209/2, продолжува по граници на катастарски парцели од КО Косел - КП 942/10, КП 942/1, КП 941, КП 940, КП 939/2 и КП 939/1. Границата продолжува по КП 2498 од КО Лескоец и стигнува до најсеверната точка.<br>Површината во границите на планскиот опфат изнесува 1189122,58м2, односно **118,91ха.** |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| | |
|---|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(**Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** | |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>Областа во рамки на планскиот опфат е еколошки чиста. Пределот е рамничарски. Низ селото Лескоец поминува регионалниот пат Охрид-Битола. Предметната локација се наоѓа во опфатот на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите од Законот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот регион(Сл. Весник на РМ бр.75/10), Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион (Сл. весник на РСМ бр.45/20) како и одредбите од Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од оваа Организација<br>Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од:<br>-Расчистување на вегетација, движење на механизацијата, складирање на материјали на несоодветни локации<br>-Градежните активности, движењата на камионите и механизацијата може да предизвикаат повисоки нивоа на бучава<br>-Евентуални пропуштања и истекување на масло од возилата или опремата<br>-Создавање на различен вид отпад(вегетација, комунален отпад, градежен отпад, асфалт) | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата;** | Просторот во рамките на планскиот опфат ќе се планира со следните класи на намена:<br>А - ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ<br>Б - ДЕЛОВНИ И КОМЕРЦИЈАЛНИ НАМЕНИ<br>В - ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ<br>Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА<br>Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ<br>Е - ИНФРАСТРУКТУРИ<br>Со реализацијата на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот.<br>При реализација на содржините во планскиот опфат предвидени со планската документација особено во конструктивната фаза ќе се генерираат емисии во воздухот од градежните активности и од механизацијата, отпадни води, отпад, бучава, вибрации, несакани истекувања и сл. кои може да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на лугето,воздухот, водата, почвата, биолошката разновидност, пределот и сл. Овие влијанија се оценуваат како можни,локални,повратни и неповратни краткорочни влијанија.<br>Изградбата на планираните објекти во рамки на планскиот |

| | |
|---|---|
| | опфат се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, како и социоекономски развој. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Со реализација на планскиот документ не се очекува значајно влијание врз микроклимата. При реализација на содржините во планскиот опфат предвидени со планската документација особено во конструктивната фаза ќе се генерираат емисии во воздухот од градежните активности и од механизацијата, отпадни води, отпад, бучава, вибрации, несакани истекувања и сл. кои може да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на луѓето,воздухот, водата, почвата, биолошката разновидност, пределот и сл. Овие влијанија се оценуваат како можни,локални,повратни и неповратни краткорочни влијанија. |
| **Прекугранична природа на влијанијата;** | Нема |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);** | Нема ризици по животот и здравјето на луѓето и животната средина по однос на несреќи кои би можеле да се случат. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).** | Селото Лескоец се наоѓа во североисточниот дел на Охридската котлина. Во околината на селото во најголем дел има земјоделско земјиште и овоштарници. Низ селото поминува регионалниот пат Битола- Охрид Селото е доста населено, во селото постојат стари камени куќи,но има и многу обновени од жителите на селото. Во селото постои водоводна мрежа и канализациона мрежа Во с. Лескоец постои основно училиште и детска градинка. Има верски објект црква. Постојат мали објекти од лесна и незагадувачка индустрија.Локалните жители се во најголем дел вработени во индустријата и институциите, а некои од нив се бават со земјоделство и овоштарство. Во селото има околу 2400 постојани жители.<br><br>Површината во границите на планскиот опфат изнесува 1189122,58м2, односно **118,91ха.** |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Со планскиот документ ќе се добие позитивен ефект во контекст на економските и социјалните влијанија.Просторот е со исклучителни можности за просторен развој со оглед на погодните амбиентални и климатски карактеристики,инфраструктурната поврзаност како и создадената традиција за туристичка понуда. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**<br>Областа со реализација на планскиот документ ќе добие зголемена вредност на постојното земјиште. Од друга страна со зголемување на густината на изграденост можно е да се измени амбиенталноста на просторот и пејсажните карактеристики.<br>Со предложеното решение се овозможува развој и градење соодветни на намената,видот,густината и начинот на користење на земјиштето и градбите, а согласно со стандардите и нормативите за урбанистичко планирање. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Согласно податоците од Просторниот план за Охридско-Преспанскиот регион кој е разработка на Просторниот план на на Република Македонија на подрачјето на село Лескоец, врз база на заштитно - конзерваторски основи, утврдено е значајно културно наследство во кое регистрирани и евидентирани се следните недвижни споменици на културата:<br>Цркви и манастири регистрирани со решение:<br>-Св. Спас(Вознесение Христово) с. Лескоец, КП 1290, бр. на |

| | |
|---|---|
| | реш. 07-600/1<br>Во составот на охридско –Преспанскиот регион, односно на подрачјето на катастарската општина Лескоец припаѓаат незаштитени недвижни добра за кои не се донесени Решенија, а кои поседуваат елементи според кои треба да бидат валоризирани, категоризирани и за кои ќе биде определен соодветен режим на заштита:<br>1 Археолошки локалитет „Белио“, Лескоец,(среден век) развиен, населба, селиште<br>2.Археолошки локалитет „Горица“, Лескоец, неолит, бронзено време, доцна антика, населба и некропола.<br>3.Археолошки локалитет „Лелешница“, Лескоец, доцна антика, некропола<br>4. Археолошки локалитет „Сред село“, Лескоец, доцен неолит, населба<br>5.Археолошки локалитет „Св. Никола“, Лескоец, среден век, мала црква и некропола<br>6.Археолошки локалитет „Св Петкина нива“, Лескоец, римски период, некропола<br>7. Археолошки локалитет„Св. Спас-Вознесение“, Лескоец, среден век, еднокорабна црква и некропола.<br><br>При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдените локалитети со културно наследство и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство.<br>Согласно Студијата за заштита на природното наследство изработена за потребите на просторниот план на Република Македонија на просторот предложен за изработка на Урбанистички план за село Лескоец, Општина Охрид нема регистрирано природно наследство.<br>Поради тоа што предметната локација се наоѓа во заштитен простор како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион ,конкретно ( III заштитна зона на природно наследство) и (III–г (опфати на села) дополнителна зона надвор од град на културно наследство) и за истите потребно е да се почитуваат одредбите од:<br>-План за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот регион(2020-2029) со Акциски план објавен во (“Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр. 45/20)<br>-Закон за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот регион(2020-2029) со Акциски план објавен во (“Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр. 75/10)<br>-Закон за заштита на во Охридското,Преспанското и Дојранското Езеро (“Сл.весник на СФРЈ“ бр. 45/77)<br>- како и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од оваа Организација |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Нема да има значително влијание врз квалитетот на животната средина и здравјето на луѓето |
| Интензивна употреба на земјиштето | Една од планските определби утврдени со просторниот план на РМ е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди општествената и економската оправданост за зафаќање на предложената површина на планскиот опфат на селото.<br>При изработка на предметната документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. |

| | |
|---|---|
| | Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Просторот на предметниот опфат се наоѓа во северо источниот дел на Охридската котлина. **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на просторниот план на РМ на просторот предложен за изработка на Урбанистички план за село Лескоец, Општина Охрид, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство**.<br>Заштитени подрачја во регионот се НП Галичица, Охридското Езеро и Студенчишко блато, а целата област е под заштита на УНЕСКО. Со реализацијата на планот се очекуваат следните влијанија врз животната средина:<br>-Биодиверзитет<br>-Почвата<br>-Водата<br>-Пејсажот<br>--Воздухот<br>Најважна карактеристика во овој регион е изобилството со богата флора и фауна и ендемични видови во НП Галичица, Студенчишко блато и Охридското Езеро. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Просторот во рамките на планскиот опфат ќе се планира со следните класи на намена:

А - ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ

Б - ДЕЛОВНИ И КОМЕРЦИЈАЛНИ НАМЕНИ

В - ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ

Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА

Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ

Е - ИНФРАСТРУКТУРИ

Со урбанистичкиот план се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот што претставува извор на приход на локалната самоуправа. Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нејзина надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Во близина на просторот кој е предмет на планирање, се наоѓа градот Охрид, селата Велгошти и Косел, а на поголема оддалеченост се наоѓаат с. Горно Лакочереј, с. Долно Лакочереј с.Ливоишта,с. Вапила, с. Расино и с. Опеница. Теренот на кој се наоѓа планскиот опфат е рамничарски, а низ селото Лескоец поминува регионалниот пат Битола-Охрид. Во околината на селото се наоѓаат поголеми површини со земјоделски насади и овоштарници..

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**
**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните**

**планови)**

Урбанистичката документација треба да обезбеди рационално искористување на планираните површини за одредени намени. Неопходно е согледување на реалните капацитети на постојната инфраструктура за обезбедување на потребите на градбите во рамки на планскиот опфат.

Имплементацијата на планските содржини предвидени со планот со контролирани емисии во медиумите од животната средина ќе придонесе за зголемен развој на Општина Охрид од аспект на приходи од комунални такси и даноци, зголемено вработување и сл.

Од друга страна, од аспект на животната средина во оперативната фаза на објектите може да генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина , односно:

Воздух: Зголемена фреквенција на возила, работни активности на услужните објекти, употреба на енергенси

Бучава:Зголемено ниво на бучава од превозните средства

Вода: Несоодветното третирање на отпадните води може да го наруши квалитетот на површинските и подземните води, како и квалитетот на почвата.

Почва:Несоодветното управување со емисиите во воздух, отпад и отпадни води генерирани во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата.

Природно и културно наследство: Предметната локација се наоѓа во опфат на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите од Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Службен весник на РМ, број 75/10), Планот за управување со Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион (Службен весник на РСМ, број 45/20), како и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од органите на оваа Организација.

Пејсаж:Просторот има пејсажни вредности, претставува рамничарски терен опкружен со земјоделски насади и овоштарници

Транспорт:Зголемена фреквенција на возила

Отпад:Генерирање на отпад

Во стратегиското планирање акцентот на развојот на локацијата треба да се стави на контролирани емисии во медиумите, одржливо искористување на ресурсите и отпадот и примена на мерки за енергетска ефикасност. Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:

-Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата
-Придонес во локалната и националната економија

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)?**

Главни проблеми релевантни за планскиот документ се:

Планскиот опфат е формиран на рамничарски терен, а низ селото поминува регионалниот па Охрид- Битола. Потребно е да се предвидат заштитни мерки кои се неопходни за да се превенира деградација на просторот со спроведувањето на планот.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

.Урбанистичката документација е поврзана со:

-Просторниот план на РМ
-Просторен план на Охридско-Преспански регион(2010)
-Национален акционен план за животна средина
-Стратешки план за локален економски локален развој на Општина Охрид 2002-2012
-Национален план за управување со отпад

| | | |
|---|---|---|
| -План за управување со отпад на Општина Охрид<br>-Втор Национален Еколошки Акционен План<br>-ЛЕАП на Општина Охрид 2019-2025<br>-Национална стратегија за одржлив развој 2009<br>- План за управување со Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион (Службен весник на РСМ, број 45/20)<br>Целите на сите наведени плански документи се усогласени со планот и нема разлика во клучните одлуки | | |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br><br>При изработка на планскиот опфат се почитувани намената и одредбите за спроведување на важечките планови од повисоко ниво, Просторниот план на РМ како и Планот за управување со Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион (Службен весник на РСМ, број 45/20) | | |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br><br>Изготвениот извештај за СЕА ќе даде понатамошни насоки за донесување на одлуките во подоцнежната фаза. | | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. | |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | | ГРАДОНАЧАЛНИК<br>Кирил Пецаков |
| Датум 27.03. 2023г.<br>Место Охрид | | М.П. |